# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 86 став 8 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ, КАКО И ТРОШОЦИТЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА РИБОЧУВАР

### Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на програмата за полагање на испит, формата и содржината на уверението за положен испит како и трошоците за добивање на уверението за положен испит за рибочувар.

### Член 2

Програмата за полагање на испит за рибочувар ги опфаќа следните тематски области:
- прописи од областа на рибарството и аквакултура;
- биологија на рибите во риболовните води во Република Македонија;
- технички карактеристики на риболовните средства и нивна употреба во риболовот и
- заштита на рибите и животната средина.

Тематските области од став 1 на овој член се основа за изведување на испитните прашања.

### Член 3

Кандидатот кој сака да полага испит за рибочувар поднесува писмена пријава до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пријавата од став 1 на овој член содржи:
- име и презиме на кандидатот;
- адреса на канидатот;
- ЕМБГ;
- датум и место на раѓање
- доказ за поседување на лиценца за обезбедување имот и лица и
- доказ за уплатен надомест за полагање на испитот.

Испитот за рибочувар се полага писмено.

Оценката за испитот е “положил” или “не положил”.

### Член 4

На секој кандидат кој го положил испитот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му издава уверение за положен испит за рибочувар.

Уверението за положен испит за рибочувар се состои од еден лист хартија во А4 формат со бела боја.

Уверението за положен испит за рибочувар содржи: грб на Република Македонија, текст “Република Македонија”, “Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство” и “ Уверение за положен испит за рибочувар”, име и презиме на кандидатот, адреса на кандидатот, ЕМБГ, датум и место на раѓање, државјанство, датум и место на полагање на испитот, архивски број и датум на потпишување на уверението, потпис на одговорно лице и сериски број на уверението.

Содржината на уверението за положен испит за рибочувар е дадена во прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Трошоците за добивање на уверението за положен испит за стопански риболов се во рамките на направените трошоци за одржување на испитот и изготвување на уверението за положен испит за рибочувар и изнесуваат 4.000,00 денари.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Министер

Бр. 08 – 2627/1
20 февруари 2008 година
Скопје

за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
Ацо Спасеноски, с.р.

Прилог

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# УВЕРЕНИЕ ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА РИБОЧУВАР

___________________________________________
(име и презиме)

___________________________________________
(адреса)

___________________________________________
(ЕМБГ)

___________________________________________
(датум и место на раѓање)

___________________________________________
(државјанство)

**На ден ________________, во __________________ положи испит за рибочувар, според што е стручно оспособен-а за изведување на рибочуварска дејност**

Архивски број: ____________________

Дата на потпишување: ______________

О Д Г О В О Р Н О
Л И Ц Е

____________________

Сериски број: 0001